# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДРЖАВНИТЕ КОШАРКАРСКИ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ НА МАКЕДОНИЈА

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со правилникот за државни репрезентации (во понатамошниот текст: Правилник), се утврдува:
– Видовите и имињата на државните репрезентации
– Обврските на клубовите кон државните репрезентации
– Обврски на кошаркарите/ките (во понатамошниот текст: играч) кон државните репрезентации
– Селектори и стручни тимови на државните репрезентации
– Делегации на Македонската Кошаркарска Федерација, водач на пат на државните репрезентации

**Член 2**

Државните кошаркарски репрезентации ја претставуваат Република Македонија, Македонската Кошаркарска Федерација и македонскиот спорт на меѓународни натпревари и настапи.

**Член 3**

Учеството во државната кошаркарска репрезентација е обврска и чест на секој играч, член на стручниот штаб, официјална делегација на репрезентацијата, како и секој член на Македонската Кошаркарска Федерација.
Должност на секој член на МКФ е да обезбеди оптимални услови за работа и успех на националните репрезентации. Во работата на МКФ, а особено кога се во прашање календарот и системот за натпреварување, успехот и интересот на националните селекции е најважниот и најголемиот интерес.

### Член 4

Под името државна репрезентација се смета:
1. Машка сениорска репрезентација;
2. Машка младинска репрезентација до 20 години;
3. Машка јуниорска репрезентација до 18 години;
4. Машка кадетска репрезентација до 16 години;
5. Машка помлада кадетска репрезентација до 14 години;
6. Женска сениорска репрезентација
7. Женска младинска репрезентација до 20 години;
8. Женска јуниорска репрезентација до 18 години;
9. Женска кадетска репрезентација до 16 години; и
10. Женска помлада кадетска репрезентација до 14 години.

МКФ, според потреба на активности, може да формира и други репрезентации (медитеранска, студентска, војна, полициска и др.).
Клубска, градска, општинска или регионална екипа, не може да настапи под името државна или национална репрезентација.

### Член 5

Дресовите и официјалната опрема на државните репрезентации се со претежно црвена и жолта боја, националните бои на државното знаме на Република Македонија.
На предната страна на дресот, во висина на градите, стои знамето на Република Македонија.

### Член 6

Репрезентацијата ја сочинуваат избраните играчи, селекторот и стручниот штаб, како и водството на репрезентацијата.
Во исклучителни случаи и судија или делегат може да биде член на репрезентацијата, кога тоа е предвидено со прописи на ФИБА, ФИБА Европа или со покана на организаторот на турнир или турнеја и меѓународен настап.
Доколку судијата е член на репрезентацијата, во смисла на претходниот став од овој член, ги има правата и обврските, како и другите членови на репрезентацијата (трошоци, сместување, спортска опрема и сл.). Судиите за меѓународните активности ги одредува судиската комисија во соработка со Комесарот за натпреварување, освен ако не се номинирани од ФИБА или ФИБА Европа.

## II ОБВРСКИ НА КЛУБОВИТЕ

### Член 7

Обврска е на секој клуб, без разлика дали натпреварувачката спортска дејност ја врши аматерски или професионално, при спроведувањето на програмските активности на одредени репрезентации, кои ги усвоил УО на МКФ, ги стави на располагање своите играчи, стручните и други потенцијали, заради интерес и постигнување на успех на репрезентациите.

### Член 8

При донесување на календарот за натпреварување во кој учествуваат клубовите во натпреварувањата, МКФ се раководи од интересите на сите државни репрезентации, опишани во чл. 4 од овој Правилник.

### Член 9

Обрска на секој клуб е да се придржува на утврдениот календар за натпреварување, кој го донел, односно усвоил Управниот Одбор на МКФ.

### Член 10

На избраниот играч за репрезентацијата, клубот е должен да му дозволи учество на подготовки и настапи за репрезентацијата.
Освен обврските од став 1 од овој член, клубот е должен да му овозможи најдобри услови за остварување на одредени програми за работа кои му ги одредил селекторот или стручниот штаб на репрезентацијата.

### Член 11

Клубот се обврзува да му овозможи на стручниот штаб (тренери, лекари, физиотерапевти и сл.) учество во извршување на програмски активности на одредени репрезентации, кога тоа ќе го побара селекторот, директорот на националните селекции, или друго одговорно лице од МКФ.

### Член 12

Ако службен натпревар (првенствен или куп) на клубот се поклопува во терминот со обврските на репрезентацијата во која е избран играчот на тој клуб, клубот има право да бара одложување на натпреварот/ите за кој е играчот лиценциран и тоа за цело време додека играчот е отсутен.
Играчот кој е повикан да настапува во државната репрезентација не може за време на репрезентативните активности, да оди на турнири или турнеи со својот клуб, освен ако за тоа не добие дозвола од селекторот на таа репрезентација.

### Член 13

За недоаѓање или задоцнување на играчот или лице од стручниот штаб на подготовки на репрезентацијата по вина на клубот, одговорниот клуб ќе биде казнет со парична казна од 60.000 до 300.000 денари, а ако се утврди дека до тоа дошло исклучиво по вина на клубот, на клубот може да му се изречат и построги казнени мерки, како и исклучување од натпреварувањата во кои настапува.

## III ОБВРСКИ НА ИГРАЧИТЕ

### Член 14

За државната репрезентација може да настапуваат државјани на Република Македонија и играчи со двојно државјанство, во согласност со одредбите на ФИБА.

### Член 15

За репрезентација не може да настапува играч кој е под суспензија, активна казна, или против кој се води дисциплинска постапка пред надлежни органи на МКФ.
Во исклучителен случај, на предлог на селекторот, телото кое ја донело одлуката за суспензија, казна или против него се води дисиплинска постапка, може да ја укине, или да ја одложи за одреден временски рок.

### Член 16

Играчот на државната репрезентација е должен, достојно да ја претставува Република Македонија и Македонската кошарка, во земјава и надвор од неа.
Играчот  на државната репрезентација е должен да го вложи целото свое знаење и со максимален напор да придонесе за што подобар резултат на репрезентацијата во која е избран, притоа почитувајќи кошаркарските правила и правилата на фер–плеј однесување.

### Член 17

На подготовките и настапите за државната репрезентација, избраниот играч е должен да се придржува на упатствата и задачите за тренинзи, натпревари, престојот на подготовките, упатствата за користењена опремата, прехрана и лекови, како и други упатства кои ќе ги добие од селекторот или стручниот штаб на репрезентацијата.
Членовите на националните селекции се обврзуваат во секое време да се стават на располагање на маркетинг потребите на федерацијата, во интерес на обезбедување средства за активностите на репрезентациите.

### Член 18

Откако ќе се утврди списокот на кандидати на одредена репрезентација, директорот на репрезентациите на МКФ, писмено ги повикува избраните играчи за учество во работата на репрезентацијата.
Поканата на играчот кандидат за државната репрезентација се испраќа на клубот, кој има обврска да го информира играчот за поканата. Доколку играчот настапува во странство, поканата се испраќа и на клубот каде што настапува играчот, како и на федерацијата во која тој клуб е член.

### Член 19

Препорачано е заедно со поканата, на играчот да му се испрати и програмата на подготовки и натпревари, време и место на првиот собир, како и дополнителните обврски на играчот. Во одредени случаи, според проценка на директорот на репрезетацијата, поканата се испраќа и на домашна адреса на играчот, со препорачано писмо со повратница.

**Член 20**

Играчот е должен да присуствува на подготовки и натпревари на државната репрезентација. Со самата покана во државната репрезентација, настапуваат и обврските на играчот и клубот.

**Член 21**

Учеството во репрезентацијата, играчот може да го откаже само од оправдани причини. Оправдани причини за отказ во учество во репрезентацијата се смета: смртен случај или тешка болест во потесното семејство, потешка повреда или болест на играчот. Степенот на повреда или болест на играчот ја утврдува лекарот на репрезентацијата и/или лекарската комисија на МКФ.

**Член 22**

Во случај повиканиот играч оправдано да не може да се јави на поканата, должен е писмено да го извести селекторот, односно директорот на репрезентацијата. Писменото откажување со образложение, кое треба да се испрати во рок од 48 часа по добивањето на писмената покана, може наместо играчот, да го испрати и клубот каде настапува.

**Член 23**

Играчот кој ќе го откаже учеството во државната репрезентација поради болест или повреда, должен е тоа да го стори писмено, воедно и да ја приложи сета медицинска документација која е поврзана со болеста или повредата заради која го откажува учеството во репрезентацијата.
Доколку лекарот на репрезентацијата и Лекарската комисија на МКФ сметаат дека играчот треба да биде дополнително прегледан, играчот е должен да се јави на дополнителен лекарски преглед.
Во случај играчот да не дојде на дополнителниот лекарски преглед, неговото отсуство ќе се смета за неоправдано.

**Член 24**

Против играчот кој неоправдано задоцни или отсуствува од подготовките и натпреварите на репрезентацијата, или со своите постапки во репрезентацијата нанесува штета на угледот на репрезентацијата и на МКФ, ќе му се поднесе дициплинска пријава до Дисциплинската комисија на МКФ.
Во случај на основано сомневање дека играчот направил дисциплински прекршок за кој со Дисциплинскиот правилник на МКФ е предвидена суспензија од 1 (една) година, со поднесување на самата пријава од страна на селекторот или директорот на репрезентацијата, може да се побара автоматска суспензија, до носење на одлука на Дисциплинската комисија.
Во случај на изрекување на мерка суспензија на играчот по член од Дисиплинскиот правилник на МКФ, суспендираниот играч нема право да игра за репрезентацијата, ниту пак за клубот за кој настапува, за целото време додека му трае суспензијата.

**Член 25**

Освен казната забрана на играње за сторениот прекршок неоправдано задоцнување, неучество на подготовки, неиграње натпревари или нанесување на штета на угледот на репрезентацијата и МКФ, играчот може да се казни и со парична казна, согласно регулативите на ФИБА и ФИБА Европа.

**Член 26**

За мерката суспензија, забрана на играње или парична казна, Генералниот секретар ја информира канцларијата на ФИБА и ФИБА ЕВропа, посебно ако се работи за играч кој настапува во странство, или за него се води постапка за издавање на сертификат за играње во некој странски клуб.

**Член 27**

За време на подготовките и натпреварите на репрезентацијата, на играчот му следува надокнада за патни трошоци, трошоци за сместување, како и дневен трошок во висина утврдена од Управниот Одбор на МКФ.

**Член 28**

МКФ ја обезбедува целата потребна опрема за играчите, селекторот и стручниот штаб на репрезентацијата. Сите членови на репрезентацијата се обврзани во текот на репрезентативните активности да ја носат опремата обезбедена од МКФ.

**Член 29**

На играчите, селекторот, стручниот штаб и водството на репрезентацијата, може да им се доделат признанија и парични награди за постигнатите резултати. Висината на паричната награда ја одредува УО на МКФ, а одредени награди може да предложат и секелторот или директорот на репрезентацијата.
Управниот одбор на МКФ може да донесе одлука за доделување признанија или парични награди и на други лица и организации, кои со својот ангажман придонеле за постигнување на успех на репрезентацијата.

## IV СЕЛЕКТОРИ И СТРУЧЕН ТИМ

### Член 30

Секоја државна репрезентација наведена во Член 4. од овој Правилник, има свој селектор, кој го именува УО на МКФ, на предлог на Стручниот совет на МКФ или Директорот на национални репрезентации.

### Член 31

Селекторот се именува за одредени репрезентативни акции, циклуси на квалификации, натпреварувања или за одреден временски период–циклус.
Со одлука на УО на МКФ за именување на селектор, се одредува и работноправниот однос на селекторот, односно се утврдува дали со селекторот ќе се склучи договор за работа, договор на одредено време или договор на дело.
Селекторот може својата функција да ја извршува и волонтерски, со тоа што УО на МКФ ќе му ги надомести сите евентуални трошоци настанати за време на репрезентативните собири, подготовки и натпревари.

### Член 32

Деталните програмски активности на одредени репрезентации ги изработува директорот на репрезентацијата, на предлог и во соработка со селекторот.
Програмата ја усвојува УО на МКФ, со претходно мислење на Стручниот совет на МКФ.
Директорот на репрезентацијата е одговорен за реализација на усвоените планови и програми на репрзентациите, а за својата работа, односно реализација на програмските активности ги известува УО и Генералниот секретар на МКФ.
Поширокиот список а репрезентативци на одредени репрезентации, го потврдува Стручниот совет, на предлог на селекторот.

### Член 33

По завршување на репрезентативните активности, или на барање на Стручниот совет, селекторите се должни да поднесат извештај за работата за одредениот циклус на подготовки и натпреварувања. Извештајот се поднесува до директорот на репрезентациите, кој потоа го проследува до членовите на Стручниот совет.
Пред расправата за извештајот на селекторот на седница на Управниот Одбор, свое мислење треба да даде и Стручниот совет.

### Член 34

Селекторот и членовите на стручниот штаб на државните репрезентации, должни се да ги почитуваат одредбите од Статутот на МКФ, овој Правилник и сите општи и други акти на МКФ.

**Член 35**

Селекторот ги извршуваат следните активности:

- Заедно со директорот на репрезентациите го изработуваат планот за детални активности  на репрезентацијата;
- Изработува конкретен план за подготовки на репрезентацијата;
- Предлага поширок список на репрезентативци за секое натпреварување;
- Го одредува конечниот список на репрезентативци за секое натпреварување;
- Стручно ги води тренинзите и натпреварите на репрезентацијата;
- Изработува поединечни програми за работа со репрезентативците по клубовите и го надгледува спроведувањето на тие програми;
- Го следи напредокот и развојот на помладите играчи – потенцијални репрезентативци;
- Учествува во работата на Стручниот совет;
- Поднесува писмен извештај за подготовките и натпреварите, во рок од 30 дена по завршување на последниот ден од репрезентативната активност.

## V СЕЛЕКТОР НА СЕНИОРСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 36**

Селекторот на сениорска репрезентација се именува за период од 4 (четири) години, а може и на покус период во согласност со Член 31 од овој Правилник.
За селектор на сениорска репрезентација може да се именува личност, која покрај условите предвидени со Закон, треба да ги исполнува и следниве услови:

- Да ги исполнува условите за добивање на А тренерска лиценца;
- Да има забележителни резултати со работата со прволигашки екипи; и
- Да зборува еден од службените јазици на ФИБА.

**Член 37**

Селекторот на сениорската репрезентација може да биде разрешен од должноста и пред истекот на договорот, поради следните причини:

- Ако не постигне задоволувачки резултати;
- Заради неподнесување на писмен извештај во предвидениот рок;
- Ако со своето однесување го нарушува угледнот на македонската кошарка, МКФ, а посебно угледот на Република Македонија;
- Поради причини предвидени со Закон; и
- Спогодбен раскин на договорот помеѓу селекторот и МКФ.

**Член 38**

Во случај на разрешување од должноста, поради оставка, или некоја друга причина, УО на МКФ на предлог на Стручниот совет и/или директорот на репрезентациите, избира вршител на должност или друг селектор на машка сенорска репрезентација.

## VI СТРУЧЕН ТИМ НА ДРЖАВНИТЕ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

### Член 39

Покрај селекторот на одредена државна репрезентација, согласно овој Правилник, се бира и Стручен штаб, во кој влегуваат еден или повеќе тренери, физиотерапевти и лекари.
Селекторот на одредена државна репрезентација може да побара од директорот на репрезентацијата да му обезбеди стручен соработник за прибирање на податоци на противничката екипа и нејзините играчи.

### Член 40

Членовите на стручниот штаб (тренери) ги именува УО на МКФ, на предлог на селекторот или директорот на репрезентацијата. Лекарот и физиотерапевтот ги предлага директорот на репрезентацијата, кои може да бидат и членови на лекарската комисија, а ги именува УО на МКФ.

### Член 41

Тренерите и физиотерапевтите учествуваат во работаа со репрезентацијата од моментот на собирање, па се до крајот на одредена акција. Лекарите на репрезентацијата учествуваат во работата со репрезентацијата од почетокот на натпреварувањето, или по потреба, а со сениорската репрезентација од самиот почеток, па се до крајот на репрезентативните активности.
Лекарите и физиотерапевтите на репрезентацијата соработуваат со клубските лекари и физиотерапевти, вршат увид во здравствената состојба и предлагаат здравствен третман за репрезентативците, водат здравствена евиденција на здравствената состојба на играчите.
Лекарите се одговорни за конзумирање на лекарства и други напитоци или храна за опоравување или зајакнување на играчите. Лекарите се одговорни за почитување на листата на забранети средства на ВАДА и имаат обврска постојано да го следат обновувањето на листата на забранети средства.
Лекарите се одговорни за постапка за пријавување и администрирање на повреда, согласно ФИБА Европа програмата за осигурување на играчите.

### Член 42

Против селекторот или член на стручниот штаб на одредена селекција, директорот на репрезентацијатаможе да поднесе дисциплинска пријава до УО на МКФ или до Дисциплинската комисија на МКФ.

### Член 43

На селекторот и членовите на стручниот штаб им следува надоместок за патни трошоци, трошоци за сместување и дневен надоместок во висина утврдена со одлука на УО на МКФ.

## VII ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

### Член 44

Играчите, селекторот и членовите на стручниот штаб за време на патувањата, подготовките и натпреварите, ќе бидат осигурени со патничко осигурување во едно од осигурителните друштва.

### Член 45

Осигурување на играчите од повреда за време на целиот циклус на подготовки и натпревари го врши овластена осигурителна компанија на ФИБА Европа.
Секој играч повикан за репрезентацијата, должен е да го достави на увид својот договор со клубот каде настапува, заради утврдување на висината на осигурувањето.

### Член 46

Висината на обештетувањето, согласно последниот активен договор на играчот, го одредува ФИБА Европа, односно овластената осигурителна компанија на ФИБА Европа.
Податоците за осигурување на договорите на играчите и коренсподенцијата со ФИБА Европа и овластената осигурителна компанија ги реализира канцеларијата на МКФ.

## VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 47

Секој играч, тренер, член на стручен штаб и водство на репрезентација, се смета дека го прифаќа овој Правилник со:

- Добивање на лиценца за настап во натпреварувањата на МКФ;
- Добивање на сертификат за настап во странство;
- Прифаќање на покана за учество во репрезентативни активности; и
- Потпишување на договор за ангажман на селекторска/тренерска функција, функција во стручен штаб или добивање на лиценца од овластено тело на МКФ.

### Член 48

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото усвојување од страна на Управниот одбор на МКФ. Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како и при неговото донесување.

Скопје, Март 2013

Директор на државни репрезентации
Илија Мерџановски